| Барање | Опис на барањето | Одговор |
|---|---|---|
| 1/3 | Податоци кои се однесуваат на конкретни економски мерки за справување со кризата предизвикана од вирусот Ковид19 во текстилната индустрија, број на текстилни компании по региони, кои искористиле некоја од мерките предвидени од страна на Владата на РСМ. | Конкретни економски мерки за справување со кризата предизвикана од вирусот Ковид-19 во текстилната индустрија се кредитните линии: Ковид 1 и ЕИБ кредитната линија.<br>Од кредитната линија Ковид 1 вкупно се поддржани 20 текстилни компании од кои 3 од Скопскиот регион, 15 од Источниот регион и 2 од Југоисточниот регион на РСМ. Вкупниот износ со кои се поддржани овие текстилни компании изнесува 848.992 евра.<br>Од ЕИБ кредитната линија вкупно се поддржани 12 текстилни компании во вкупен износ од 4.069.500 евра.<br>Или од двете кредитни линии вкупно се поддржани 32 текстилни компании во вкупен износ од 4.918.492 евра. |
| 2/4 | Во однос на Мерка 13 – 50 милиони евра евтини кредити од Развојна банка на Северна Македонија пласирани преку комерцијалните банки за заштита на ликвидноста на компаниите:<br>- колку компании ја искористиле оваа мерка?<br>- колку вработени опфатила оваа мерка?<br>- колку средства биле доделени? | - Оваа мерка ја искористиле 186 компании.<br>- Со оваа мерка се опфатени 12.395 вработени, а во компаниите кои ја искористиле оваа мерка предвидени се 605 нови вработувања.<br>- Доделени се вкупно 50,9 милиони ЕУР |
| 3/5 | Во однос на Мерка 12 – Дополнителни бескаматни кредити за фирмите од нови 8 милиони евра:<br>- колку компании аплицирале?<br>- колку компании ја искористиле оваа мерка?<br>- колку вработени опфатила оваа мерка?<br>- колку средства биле доделени? | - Објавен е Јавен оглас по принципот прв дојден прв услужен. Заклучно со датумот и часот за кој имаше доволно средства (од расположивите 8 мил.ЕУР) земени се во обработка апликации на 796 компании.<br>- Оваа мерка е искористена од 639 компании.<br>- Со оваа мерка опфатени се 11.325 вработени.<br>- Доделени се вкупно 8 милиони ЕУР. |
| 4/6 | Во однос на мерката 3.1. Поддршка на аграрниот сектор од 5 милиони евра преку Развојна банка на Северна Македонија:<br>1. Колку средства вкупно се планирани за мерката за поддршка на микро, мали и средни претпријатија кои вршат примарно производство, преработувачите и извозот на примарни и преработени земјоделски производи во текот на 2020 година?<br>2. Колку средства вкупно се издвоени за истата мерка во текот на 2020 година? | 1. Согласно мерката 3.1. Поддршка на аграрниот сектор преку Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје од 307 милиона денари (5 милиона евра) РБСМ АД Скопје стави на располагање 5 милиони евра поволни кредити преку кредитната линија за поддршка на микро малите и средните претпријатија кои вршат примарно производство, преработувачите и извозот на примарни и преработени земјоделски производи. Оваа мерка е активна и понатаму со тоа што дополнително во 2020 година Владата на Република Северна Македонија ги подобри и олесни кредитните услови, односно се зголеми максималниот износ за кредит од 300.000 на 500.000 евра како и се зголеми рокот на отплата на 24 |

| | | |
|---|---|---|
| | | месеци за кредити за обртни средства, односно на 10 години за кредити за основни средства. Кредитите се со фиксна поволна каматна стапка од 2 % годишно.<br>2. За мерката 3.1. Поддршка на аграрниот сектор преку Развојна банка на Северна Македонија, ставен е на располагање вкупниот планиран износ од 5 милиони евра. |